Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јуни 2009

УДК 364-3-053.9 (497.7) (049.3)

**проф. д-р Сунчица Димитријоска**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје,**
**Филозофски Факултет**
**Институт за социјална работа и социјална политика**

# Студија – Социјална исклученост на старите лица во Република Македонија

Во Студијата за социјална исклученост на старите лица во Република Македонија, финансиски поддржана од УНФПА, се анализира *проблемот на социјалната исклученост на старите лица во однос на:* покриеноста, правата, достапноста, обезбедениот квалитет на услуги, пречки во остварување на она што е дефинирано со законите и политиката во заштитата и вистинската состојба, како и тековните реформи и предизвици на системите на: *социјалната заштита, пензискиот систем, образованието и здравствената заштита.*

Студијата содржи анализа на научната литература, меѓународните и национални законски акти, со посебен акцент на регионалните, етничките и родовите разлики на старите лица, како ранлива група. Спроведена е квантитативна анализа на анкетно истражување на репрезентативен примерок од 1222 стари лица, квалитативна анализа од 8 фокус групи и 46 интервјуа, направени со персоналот во: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование, центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување и домовите за стари лица.

Истражувањето е спроведено во периодот од 20 декември 2008 година, до 20 февруари 2009 година, под раководство на локален консултант, авторот на студијата, проф. д-р Сунчица Димитријоска.

Основната цел на студијата е да се придонесе за дијагностицирањето на социјалната исклученост на старите лица во Република Македонија и да се даде придонес во социјалната инклузија на старите лица, согласно претстојниот процес на преговори за членство на земјата во ЕУ во областа на заштитата и социјалната инклузија на старите лица, како и Заедничкиот меморандум за инклузија.

Истражувањето покажа дека во рамките на социјалната заштита, социјалната исклученост е заради нерегулираните имотно-правни односи, усложеноста на административните процедури, географската оддалеченост на институциите во кои може да се остварат правата - центрите за социјална работа. Во однос на пазарот на трудот, лицата над 54 години имаат малку можности за вработување, нема доволно курсеви за доквалификација и преквалификација и нема анализи за потребите за доквалификација и преквалификација. Во однос на образованието, постои мала мотивираност за образование на возрасните над 54 години и нема можности за преквалификација и доквалификација. Во однос на здравствената заштита, присутна е исклученост во однос на самото право, недостапноста заради немањето транспорт, посебно јавен, во руралните средини. Студијата дава и предлози за преземање соодветни активности за намалување на исклученоста, посебно во секое подрачје од истражувањето.